makfaxonline
INTERNET DAILY NEWSPAPER
Вторник, 21.08.2007 | Македонија



## Зафировски: Македонија со одличен економски прогрес

Скопје /21/08/ 14:04

Македонија изминатата година има постигнато одличен прогрес на економски план, но престои уште многу работа бидејќи планината што треба да биде искачена е многу голема.

При тоа Зафировски изрази воодушевување од резултатите што се постигнати во некои области, како што е зголемување на БДП за 7 отсто , зголемување на извозот за 50 отсто, успех во борбата против корупцијата, воведување на трет мобилен оператор.

Тој истакна дека ова е само одличен почеток и дека претстои уште многу работа на неколку полиња, истакнувајќи ги како приоритет реформите во судството.

Мајк Зафировски е на чело на тимот „Македонија 2025", која што е независна и неполитичка организација и чии цели се да се помогне да се идентификуваат, развијат и промовираат неколку клучни индустрии во Македонија.

„Имаме само една желба, Македонија да стане економска сила. Свесни сме дека тоа не може да се постигне преку ноќ, туку се потребни години, па поради тоа го дадов името Македонија 2025", рече Зафировски.

Премиерот Груевски информираше дека на средбата со претставниците на „Македонија 2025" ги запознал со активностите што Владата ги преземала во изминатите шест месеци, како и со плановите за иднина.

„На средбата разговаравме и за тоа со заеднички сили да се протуркаат неколку проекти кои што ќе бидат во интерес на државата" рече Груевски.

Тој изрази очекување дека членовите на тимот „Македонија 2025" ќе лобираат кај странски инвеститори и бизнисмени да ја посетат Македонија.

Членовите на „Македонија 2025" во изминатите четири дена остварија средби со повеќе македонски бизнисмени при што биле пријатно изненадени од нивните идеи и бизнис планови.

Тие сметаат дека Македонија за странските инвеститори е најинтересна во четири области-производство на автомобилски делови, висока технологија, производство на храна и туризам. **/крај/ап**